Финансирано од
Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

# ПОВИК ЗА ЕКСПЕРТИ ЗА РАБОТИЛНИЦИ

## Основни информации:

Здружението на граѓани „Ромаверзитас" - Скопје во рамките на проектот „Антидискриминација и остварување на правата на лицата неевидентирани во матична книга на родени и лицата без државјанство", финансиран од „Институтот за европска политика (ЕПИ) - Скопје", во името на проектот „Заедничка акција за човекови права" објавува повик за ангажирање на експерти кои ќе држат работилници на регионалните претствници на повеќе институции и организации, и тоа: Управа за водење на матични книги (УВМК), Министерство за внатрешни работи (МВР), Центар за социјални работи (ЦСР), Министерство за образование и наука (МОН), Ромски информативен центар (РИЦ), Националната контакт - советникот за инклузија на Роми, ромски здравствени медијатори, ромски образовни медијатори и локални НВО, а се поврзани за лицата неевидентирани во матична книга на родени и лицата без државјанство.

## Опис на активноста:

Со оваа активност треба да се помогне во решавање на проблемот со неевидентирани лица и лица кои што немаат решено граѓански статус и остварување на правата на нивните права во областа на: вработувањето, социјалата заштита, здравствената заштита и образованието.

Целта на оваа активност е усовршување, зголемување на знаењата и практикувањето на Законот за лица неевидентирани во матична книга на родени од страна на јавните службеници, теренеските работници, НВО и граѓаните кои се директно засегнати и кои треба да го имплементираат и спроведуваат Законот.

Лицата кои ќе бидат селектирани ќе бидат повикани да одржуваат работилници во петте претходно мапирани општини, и тоа: Скопје, Куманово, Тетово, Битола и Штип. Тие ќе треба да ги објаснуваат промените во новите законски измени од законите поврзани со лицата неевидентирани во матична книга на родени и лицата без државјанство да ги оставрат совите законски права.

Исто така ќе треба да објаснат со практични примери како да се решат брoблемите со лицата неевидентирани во матична книга на родени и лицата без државјанство да ги оставрат совите законски права, односно на лице место ќе треба да даваат насоки и препораки на моментално присутните лица кои се неевидентирани во матична книга на родени и лицата без државјанство.

Експертите за работилниците ќе бидат ангажирани за пет работилници, и тоа во период од 15.10.2023 до 31.12.2023.

**Обем на работата:**

- Да учествува во припремата за работилниците заедно со тимот на Ромаверзитас
- Да учествува на работилниците заедно со тимот на Ромаверзитас и да дава активно учество
- За време на работилниците да ги објаснува законите и промените на законите и законски акти, кои се поврзани со лицата неевидентирани во матична книга на родени и лицата без државјанство
- Да даваат препораки и насоки на присутните лица кои имаат проблеми со не се регистрирани во матична книга или немаа државјанство
- Да се во постојан контакт со сите засегнати страни и по завршувањето на работилницата, до крајот на нивниот ангажман

**Потребни квалификации:**

- Завршено најмалку високо образование од областа на правните науки или слично (предност магистерски студии, адвокатура и сл)
- Одлични комуникациски вештини
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите и посветеност кон целите на активноста
- Претходно работно искуство со лицата без документи (ќе се смета за предност)

**Потребни документи и начин за пријавување:**

- Кратка биографија
- Диплома за завршено соодветно образование

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги достават документите најдоцна до 18.10.2023 на меил kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или по пошта (или директно) во канцелариите на Ромаверзитас на адреса Ул. Мајакоски бр. 12, 1/18 - Скопје, со назнака: Апликација за Експерт за работилници.